

Одамна, пред некои 2300 години Александар Македонски ги поведе Македонците по еден долг космички пат полн со енергија. Со многу идеи и дух ги поврза двата континети како два света со различни култури и религии. Изгради градови и проби патишта во најнедостапните краишта

Некои го нарекуваат “патот на свилата” а тоа е македонски пат од светски размери за размена на стока и култура по трајни врски во оредедени меридијани.

Во некои населби живеат потомци на војниците од фалангата и го гледаат светот со сафирно светли очи. - Ние сме од Македонците, велат, бели сме, различни сме од другите. Од Авганистан преку Пакистан до Пенџап на околу 400 километри се живее живот останат од Македонците, сочуван кај племиња високо во планините по патот на фалангата. Таму останале Калешите и Хунзите. Го чуваат и го негуваат македонскиот бит во носиите, везот, накитот, мелодиите и музичките инструменти. Сочувале архаични зборови само Македонци што ги разбираат.

Пред десеттина години во две такви населби се инсталирале грчки мисионери од Атина да ги лажат дека биле потомци и браќа на грчки племиња, дека Александар бил Грк и дека Македонија е грчка.

Ама крвта не се разблажува со вода како вино.

Калешите и Хунзите не се предаваат, го чувствуваат својот ген и зборуваат за тоа како од колено на колено се пренесува македонски идентитет. Раскажуваат како што им раскажувале како Александар дошол со Македонците во нивната земја со непрегледна убавина слична на Македонија.

Три години живеел со нив како дома да си бил и се оженил со нивна принцеза. Се оженише и војниците и потомство оставиле. Тоа се тие Хунзите и Калешите чии претци се Македонци оставени во градовите Александрии, цели гарнизони, да ја чуваат границата на Македонија како светска империја.

За Македонците тоа не било тешко.

Си живееле фамилијарен живот во негибната убавина како во Македонија. Зад секој хоризонт од планините се криеле уште повисоки планини и со пораскошна природа. Во долините изобилство на води, шуми, лозја, овошни градини, билки, цветови растеле од семињата што Македонците ги донеле и ги засадиле каде што останувале да се потсетуваат на Македонија.

Останале до денеска насади на тополи, јасички, црници крај секој поток како во Пелагонија.

Пред секоја куќа босилек и сардела мирисаат, а во секој дом има садови од бронза и глина какви што ги правеле Македонците.

Јаболкото делишес од Преспа засекогаш ги освоиле луѓето и во секој проспект се гледа и како цвет и како плод во нивите.

Кајсиите, грозјето и смоквите ги сушат како резервна храна што ја носеле во торбите Македонците од Фалангата, така ги научиле и така потомците си прават зимница.

Од суво овошје и снег фалангата си правела сладолед и македонска салата. тие два рецепти го освоиле светот.

На нашите генетски роднини треба да им помогнеме во осознавањето.

Треба да им овозможиме споредба на шарите и боите на везовите и килимите дека се исти како нашите.

Треба да им кажеме дека лавот на нивното знаме доаѓа од Хераклo што се наметнувал со лавја кожа.

Треба да им објасниме дека обликот на павтите и другите женски украси претставуваат македонски штит.

Иако немаат објаснување за се, длабоко во себе го чуваат споменот за Александар и Македонците како за свои претци.

Александар е нешто најсвето како мит и религија.

Го слават, му подигнуваат споменици, го изучуваат по школите, се колнат во неговото име.

Ангелина Маркус